совет за етика во
медиумите на македонија

03.09.2015г

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија за прилогот "ПЕДОФИЛИЈА НА ГЕЈ ПАРАДА: Стравична снимка која ги покажува целите на хомосексуалната идеологија!", објавен на 29.06.2015 година на интернет порталот puls24.mk**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 9, 10, 11, 13 и 15.

Член 9.

*"Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат."*

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација брз било која основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

Член 11.

*"Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија (...)."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата. Меѓу веста и коментарот."*

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста."*

# совет за етика во медиумите на македонија

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 22.07.2015 година, Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија поднесе жалба за прилогот "ПЕДОФИЛИЈА НА ГЕЈ ПАРАДА: Стравична снимка која ги покажува целите на хомосексуалната идеологија!", објавен на 29.06.2015 година на интернет порталот puls24.mk. Во жалбата се наведува дека спорниот текст "е полн со дискриминаторни содржини кои повикуваат на омраза и кои на груб начин го напаѓаат изборот на личната определба на сите луѓе од ЛГБТИ заедницата."

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Пулс 24 со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Интернет порталот Пулс 24 не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на прилогот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување, Комисијата за жалби ја зеде предвид Препораката R(97) 20 на Комитетот на министри на Советот на Европа за "говор на омраза" од 1997 година. Во прилогот кон Препораката се истакнува дека терминот "говор на омраза" треба да се разбере како термин кој ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетрпеливост, вклучувајќи и нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, емигрантите и лицата со емигрантско потекло.

Комисјата го зеде предвид и чл.10 ст 2 од ЕКЧП каде се вели дека остварувањето на слободата на говорот и мислата , коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под

одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Понатаму, Комисијата при одлучувањето се повика и на Одлуката на Европскиот суд за човекови права за случајот Vejdeland and others v. Sweden, жалба број 1813/07, каде се наведува дека нема да постои прекршување на правото на слобода на изразување на медиумите доколку тие бидат казнети за ширење говор на омраза и дискриминација врз основа на сексуална ориентација. Во случајот жалителите се прогласени за виновни за дистрибуирање во средно училиште на околу 100 летоци кои според шведските судови се оценети како навредливи за хомосексуалците. Жалителите ги дистрибуирале летоците преку организација наречена Национална младина, оставајќи ги во или на шкафовите на учениците. Летоците содржеле информации и ставови дека хомосексуалноста е „девијантна сексуална наклонетост", има „морално деструктивен ефект врз срцевината на општеството" и е одговорна за појавата на ХИВ и СИДА. Жалителите посочиле пред Судот дека нивната цел не била да изразат презир кон хомосексуалците како група, истакнувајќи дека целта на нивната активност била да покренат дебата за недостигот на објективност во образованието во шведските училишта. Судот утврди дека ваквите изјави претставуваат сериозни и штетни тврдења, и покрај тоа што не биле директен повик кон акти на омраза. Судот заклучил дека нема повреда на член 10 (Vejdeland и останатите против Шведска, жалба бр. 1813/07, пресуда од 9 февруари 2012).

***

# совет за етика во медиумите на македонија

На седницата на 25.08.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и направи увид во наведениот прилог.

Теткстот насловен како “ПЕДОФИЛИЈА НА ГЕЈ ПАРАДА: Стравична снимка која ги покажува целите на хомосексуалната идеологија!”, најнапред, започнува со тврдењето дека се базира на видео- снимка која била поставена на you tube, а на која се гледало, како што велат, 12-годишно дете (малолетно лице) злоупотребувано од транвестити кои го принудувале на сексуално танцување. Уште веднаш на почетокот на текстот поставена е фотографија од наводно злоупотребеното дет , без притоа авторот/медиумот да преземат мерки да го заштитат неговиот интерес и идентитет, со што детето го доведуваат во уште поголемен ризик за злоупотреба, дискриминација и општествена деградација. На тој начин му ги кршат правата на детето загарантирани со Конвенцијата за правата на детето (чиј потписник е и Р. Македонија), без разлика што настанот се случува во друга држава, земајќи го предвид техничко-технолошкиот развој на медиумите и олеснетиот трансфер на информации на светско ниво.

Комисијата најде дека авторот не прави разлика помеѓу кривичното дело педофилија и човековите права и ги изедначува хомосексуалците со педофили, со што ги дискриминира во кривично-правна смисла и јавно наметнува предрасуда дека хомосексуалците се криминогени личности и ги навредува. Притоа авторот, спротивно на новинарската етика, сопственото мислење го камуфлира како факти.

Комисијата се обиде да направи увид и во видео - снимката поради понатамошно утврдување на кршењето на правата на детето, но таа беше отстранета од you tube .

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

При проценката на доказите и утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата ги зеде предвид намерата, содржината, односно контекстот на изразувањето и забранетата последица.

Во конкретниот случај, Комисијата констатираше дека авторот имал намера за поттикнување, промовирање или оправдување на омраза кон лицата кои припаѓаат на определена група. Покрај содржината на говорот на омраза, дополнителен факт е што тој говор доаѓа од новинар во медиум - информативен веб - портал.

Во однос на забранетата последица, Комисијата најде дека говорот на омраза, покрај тоа што предизвикува повреда на достоинството на лицето или лицата на кои се однесува, исто така е и говор кој може да доведе до нарушување на јавниот ред и мир или насилство и тоа во вид на инциденти во моментот или, пак, разгорување насилство меѓу односните групи во општеството, како и криминал од омраза кон лицата претходно опфатени со говорот на омраза.

***

Поради ваквата фактичка состојба, Комисијата за жалби најде дека во прилогот "ПЕДОФИЛИЈА НА ГЕЈ ПАРАДА: Стравична снимка која ги покажува целите на хомосексуалната идеологија!", објавен на 29.06.2015 година на интернет порталот puls24.mk., прекршен е член 9 од Кодексот на новинари, според кој новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатиот прилог прекршен е член 10 според кој Кодексот на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омразата е неспоив со новинарската етика. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат

материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Понатаму, Комисијата најде дека е прекршен член 11, според кој новинарот мора да биде свесен за етничките, културните, религиозните, сексуалните чувствителни теми и да ги третира во согласност со тоа. Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изгед или социјалниот статус. Јазикот на новинарите секогаш треба да биде одмерен и неутрален, наспроти оној што нуди готови заклучоци и судови и е, или се граничи со говорот на омраза. Секогаш треба да се избегнуваат фрази кои во себе носат шовинистички, сексистички или какви било други дискриминаторски конотации.

Комисијата за жалби најде дека во спорниот прилог е прекршен и член 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Комисијата заклучи дека е прекршен и член 15, според кој новинарот не треба да користи непримерни, вознамирувачки или порнографски содржини во својата работа.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

# совет за етика во медиумите на македонија

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска и Беким Ајдини.

**Се обврзува интернет порталот puls24.mk, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595